ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Бр.08 – 1241/3
06.12.2023

ЈАВЕН ПОВИК ДО СИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА БИЗНИС СЕКТОРОТ КОИ САКААТ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД „ЗИМСКА ПРИКАЗНА“

Општина Битола, започнува со подготовки за „Зимска приказна“, која годинава има за цел да понуди културно - забавни содржини, во функција на поттикнување на културниот туризам и промоција на Битола.

Идејниот концепт годинава предвидува содржини во Старата битолска чаршија, низ Широк Сокак и Офицерски дом и отворена можност за партнерство со сите заинтересирани субјекти кои сакаат да дадат поддршка за успешност и креативен раст на идејата за предновогодишна туристичка промоција на Битола.

За таа цел, ги покануваме сите претставници на бизнис секторот кои сакаат да понудат културно – забавни содржини кои ќе бидат дел од Зимска приказна, да не контактираат на телефонскиот број 047/208339 или емаил адресата zimskaprikazna@bitola.gov.mk.

Понудените музичко сценски содржини, концертни настапи или други креативни идеи, за да станат дел од „Зимска приказна“, потребно е да бидат во согласност со квалитативните критериуми на општината дефинирани за оваа програма, додека техничко – организационите и промотивните активности ќе бидат обврска на Општина Битола.

Партнерствата градат успешни приказни. „Зимска приказна“ е најдобрата можност, заеднички, сите активни субјекти во градот да направиме новогодишниот блесок да светне надалеку.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk